Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 11, став 1 од Законот за социјалната заштита (“Службен весник на РМ” бр. 79/2009), како и член 71, став 1, точка 10 од Статутот на општина Демир Хисар (“Службен гласник на општина Демир Хисар” бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Градоначалникот на Општина Демир Хисар до Советот на Општина Демир Хисар доставува

**И З В Е Ш Т А Ј**

**за реализација на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2025 година**

Согласно Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2025 година (во понатамошниот текст-Програма), беа планирани мерки и активности насочени кон помагање и поддржување на социјално ранливи групи, односно доделување еднократна парична помош или помош во натура на лица или семејства кои што се нашле во положба од социјален ризик заради претрпена природна непогода, епидемија, смрт, подолго лекување или друга социјална криза, како и за повремена помош на одделни биолошки семејства кои се грижат за свои членови - лица со тешки и најтешки пречки во интелектуалниот развој или лица со трајна телесна попреченост, за задоволување на потребите за овие лица.

За таа намена со Програмата беа предвидени средства во висина од 600.000,00 денари. Со третиот ребаланс во 2025 година, овие средства се утврдени на износ од 1.100.000,00 денари. Мерките и активностите во остварувањето на социјалната заштита утврдени со Програмата беа предвидени да се финансираат со средствата од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година.

Во изминатата 2025 година до Комисијата за општествени дејности при Советот на Општина Демир Хисар беа доставени 62 (шеесет и две) барања за еднократна парична помош. Од страна на комисијата прифатени беа 51 (педесет и едно) барања, а 11 (единаесет) беа одбиени. До Градоначалникот на општина Демир Хисар беа доставени 11 ( единаесет), барања.

Во следната табела даден е основот/причината за поднесување барање за еднократна парична помош доставени во 2025 година.

| Ред. бр. | Основ/причина за доделување на еднократна парична помош | Број на барања | Одобрени | Одбиени | Нерешени | Исплатени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Тешка финансиска состојба | 33 | 22 | 11 | | 22 |
| 2 | Самохран родител | 3 | 3 | | 2 | 1 |
| 3 | Семејство кое се грижи за лице со посебни потреби | 5 | 5 | | | 4 |
| 4 | Лекување | 27 | | | 12 | 15 |
| 5 | Пожари | 2 | | | | 2 |
| 6 | Погребални трошоци | 3 | 3 | | | 3 |

Во 2025 година од прифатените 62 барања исплатени се финансиски средства во износ од 525.435,00 денари за 44 барања.

Во 2025 година исплатени се и финансиски средства (хуманитарни пакети) во износ од 20.000,00 денари.

Во 2025 година исплатени се и финансиски средства за 3 по 6.000,00 ден. (ученици на генерација) во износ од 18.000,00 денари.

Во 2025 година исплатени се финансиски средства во износ од 100.000,00 денари за 3 барања доставени во 2024 година.

Вкупен износ исплатени финансиски средства за еднократна парична помош во 2025 година по поединечни ставки изнесува:

- Социјална помош 663.435,00 денари;
- Првачиња 120.000,00 денари и
- Новороденчина 312.500,00 денари

Вкупен износ исплатени финансиски средства за еднократна парична помош во 2025 година изнесува 1.095.935,00 денари.

Бр. 08-268/1
05.03.2026 година
Демир Хисар

Градоначалник
на Општина Демир Хисар
Никола Најдовски